# INFLUENCING FACTORS ON GOOD SCHOOL CLIMATE IN THE PRIMARY SCHOOLS

**Slavica Pilatova**
PMS ,, Goce Delchev"- Shtip, North Macedonia, slavica.pilatova@yahoo.com
**Emilija Petrova**
PMS ,, Goce Delchev"- Shtip , North Macedonia, emilijapetrova27@yahoo.com

**Abstract:** The school climate represents the working atmosphere in the school, the material and technical conditions and the correlation of all factors in the educational process.Whether there will be a positive or negative school climate depends on many factors and of course it affects everyone who is directly or indirectly connected to the school: teachers, students, parents, etc.The school climate is difficult to define and measure because it represents the feeling of everyone who enters the school.
It represents the school spirit, school belonging and is expressed through values, human interpersonal relations, norms and emotions.The school climate is, in fact, a reflection of the school culture. If culture is a collective phenomenon, school climate is an individual phenomenon.
The goal of this research is to get data from the teachers and to assess the factors that shape the good school climate in the school.
In this research it was used a survey instrument (shown in the attachment) in form of a scale of opinions and views containing 7 given statements where the respondents can give assessment from 1 to 3 for each statement (to circle one of the numbers 1, 2 and 3) with the meaning: 1 – Disagree, 2 – Partially agree and 3 – Agree.
**Keywords:** organizational climate, influencing factors

# ФАКТОРИ НА ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОЗИТИВНАТА УЧИЛИШНА КЛИМА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

**Славица Пилатова**
ООУ „Гоце Делчев" - Штип, Северна Македонија, slavica.pilatova@yahoo.com
**Емилија Петрова**
ООУ „Гоце Делчев" - Штип, Северна Македонија, emilijapetrova27@yahoo.com

**Резиме:** Училишната клима ја претставува работната атмосфера во училиштето, материјално – техничките услови и меѓусебните односи на сите чинители на воспитно – образовниот процес.
Дали ќе има позитивна или негативна училишна клима зависи од многу фактори и секако таа влијае врз секој оној кој директно или индиректно е поврзан со училиштето: наставниците, учениците, родителите итн.
Училишната клима тешко може да се дефинира и да се измери бидејќи претставува чувство на сите кои влегуваат во училиштето. Таа го претставува училишниот дух, училишната припадност, а се изразува преку вредностите, човечките интерперсонални односи, нормите и емоцииите. Училишната клима претставува, всушност, рефлексија на училишната култура. Ако културата е колективен феномен, училишната клима е индивидуален феномен.
Целта на ова истражување е да се добијат податоци кои се оние значајни фактори, според наставниците, кои го прават едно училиште да има позитивна училишна клима.
За истражувањето беше подготвен инструмент (даден во прилог) во форма на скала на ставови и мислења со 7 дадени искази, на кои испитаниците имаа можност да дадат оценка од 1 до 3 во однос на секој исказ (да заокружат една од цифрите 1, 2 и 3), со значење: 1 – не се согласувам; 2 – делумно се согласувам и 3 – се согласувам.
**Клучни зборови:** организациска клима, фактори на влијание

## 1. ВОВЕД

Училишната клима ја претставува работната атмосфера во училиштето, материјално – техничките услови и меѓусебните односи на сите чинители на воспитно – образовниот процес.
Дали ќе има позитивна или негативна училишна клима зависи од многу фактори и секако таа влијае врз секој оној кој директно или индиректно е поврзан со училиштето: наставниците, учениците, родителите итн.

Позитивната клима, претставува создавање на пријатна атмосфера во која се реализира воспитно – образовната функција на училиштето. Креирањето на позитивна училишна клима зависи од сите тие чинители во воспитно – образовниот процес, врз која таа влијае. Всушност, училишната клима претставува индивидуална перцепција на училишната култура. Таа има психолошки и субјективен карактер.
За јакнењето на училишната клима многу се битни: колегијалноста, градењето на взаемна почит и доверба, соработката, комуникативноста, отвореноста, флексибилноста, самокритичноста, самоконтролата во комуникацијата, културата на однесување, добронамерната и ненавредлива критика, одговорноста, толерантноста, несебичноста, точноста, аргументираноста, совесноста, доследноста и чесноста.

## 2. УЧИЛИШНА КЛИМА

Училишната клима се дефинира како збор на внатрешни карактеристики по кои училиштата се разликуваат едни од други. Овие карактеристики влијаат врз работата на вработените, но влијаат и врз успехот на учениците.
Училишната клима тешко може да се дефинира и да се измери бидејќи претставува чувство на сите кои влегуваат во училиштето. Таа го претставува училишниот дух, училишната припадност, а се изразува преку вредностите, човечките интерперсонални односи, нормите и емоцииите. Училишната клима претставува, всушност, рефлексија на училишната култура. Ако културата е колективен феномен, училишната клима е индивидуален феномен.
Постојат различни дефиниции за тоа што е училишна клима, кои се нејзините елементи и карактеритики. Ако направиме едно резиме на сите овие дефиниции ќе видиме дека климата има три значајни елементи и тоа: физички елементи (изгледот на училиштето, безбедноста, ресурсите), социјални (квалитетот на меѓучовечките односи) и академски (наставната програма и самиот наставен процес). (Грмуша А, 2019)

## 3. ФАКТОРИ ОД КОИ ЗАВИСИ УЧИЛИШНАТА КЛИМА

Училишната клима претставува збир на повеќе фактори: материјално-техничките, финансиските и кадровските (човечките). Сите заедно ја прават училишната клима.
Материјално-техничките услови се однесуваат на училишната инфраструктура, опремата и нагледните средства со кои располага училиштето, хигиената, уредноста, естетиката на просториите во училишната зграда.
Училишната клима во голема мера зависи и од финансиските услови. Тука спаѓаат финансиските примања, материјалните компензации, бонусите и наградите за вработените.
Под кадровски (човечки) фактор се подразбираат сите вработени во училиштето, почнувајќи од директорот, наставниците, учениците, стручните служби и техничкиот персонал. Првите два фактори, секако се значајни, меѓутоа меѓучовечките односи, атмосферата во колективот, начинот на комуникација, посветеноста кон организацијата, етичкото односување на вработените е она што го прафи духот на училиштето, односно позитивната и здрава клима за работа на наставниците и за учењето и постигнувањето на резултати кај учениците.

## 4. ЕЛЕМЕНТИ НА ПОЗИТИВНА И ЗДРАВА УЧИЛИШНА КЛИМА

Елементите кои ја сочинуваат позитивната и здрава училишн клима, класифицирани во три групи се: етичките особини, особини кои придонесуваат за меѓучовечка комуникација и особини на однесување во тимска работа.

| Етички особини | Комуникација | Тимска работа |
|---|---|---|
| заемна доверба и почит, одговорност, доследност, чесност, совесност, несебичност, разбирање на групата, грижа за членовите на групата | соработка, копегијалност, добронаметна критика, смисла за хумор, култура на однесувањето, самокритичност, љубезност, отвореност | активно слушање, бранење на своите ставови, прифаќање на разликите, соочување со конфликти, прифаќање на друго мислење, поставувањето на целите, прифаќање на другите луѓе како ресурси на знаење, вештини, можности |

Како едни од поважните елементи за пријатна училишна клима според Стоиловска (2004) се: довербата, свесноста, одговорноста.

Овие елементи влијаат на формирањето на училишната клима. Од нив ќе зависи дали вработените ќе се чувствуваат пријатно на своето работно место, во училиштето и пошироката средина. Но, сите овие елементи зависат од постапките на вработените.

## 5. МЕТОДОЛОГИЈА

**Целта** на ова истражување е да се добијат податоци кои се оние значајни фактори, според наставниците, кои го прават едно училиште да има добра организациска клима.

**Популација и примерок:** Беа анкетирани вкупно 100 наставници (од одделенска и предметна настава), од три основни училишта во Општина Штип.

**Методи, техники и инструменти:** За истражувањето беше подготвен инструмент (даден во прилог) во форма на скала на ставови и мислења со 9 дадени искази, на кои испитаниците имаа можност да дадат оценка од 1 до 3 во однос на секој исказ (да заокружат една од цифрите 1, 2 и 3), со значење: 1 – не се согласувам; 2 – делумно се согласувам и 3 – се согласувам. Добиените одговори на испитаниците и пресметаниот просек (средна вредност) за секој исказ се претставени во следната табела 1.

| | Исказ / Тврдење | 1 | 2 | 3 | Просек |
|---|---|---|---|---|---|
| | За да едно училиште да има позитивна училишна клима потребно е да има... | | | | |
| 1 | Материјално – техничка опременост (кабинети, дидактички и нагледни средства, техника и технологија) | 2 | 37 | **61** | 61% |
| 2 | Почитување на моралните вредности | 1 | 27 | **72** | 72% |
| 3 | Воспоставена добра соработка со родителите на учениците | 5 | 39 | **56** | 56% |
| 4 | Почитување на правата на сите учесници во воспитно – образовниот процес (наставници, ученици, родители) | 0 | 23 | **77** | 77% |
| 5 | Кодекс на однесување во училиштето | 5 | 29 | **66** | 66% |
| 6 | Воспоставена добра комуникација и соработка меѓу наставниците и учениците, наставниците и наставниците | 2 | 18 | **80** | 80% |
| 7 | Транспарентно донесување одлуки и навремено споделување на информациите | 5 | 23 | **72** | 72% |
| 8 | Постоење на нормативен систем, пофалби, наградување и казнување | 3 | 24 | **73** | 73% |
| 9 | Водството на директорот во функција на градење на позитивна и здрава училишна клима | 30 | 10 | **60** | 60% |

## 6. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Од добиените резултати можеме да констатираме дека, на наставниците сите девет искази им се важни за добра училишна клима, а од добиените проценти се гледа дека најголем приоритет даваат на добрата комуникација и соработка во училиштето, меѓу вработените во училиштето и вработените и учениците.

***Графикон 1.Графички приказ на добиените резултати.***



Исти резултати добивме и кога на анкетниот лист побаравме од испитаните наставници да ги рангираат овие девет фактори според важноста како влијаат врз добрата училишна клима. Најголем дел од испитаниците одговорија или дадоа ранг 9 на исказот/ факторот - Воспоставена добра комуникација и соработка меѓу наставниците и учениците, наставниците и наставниците, најмногу влијае на добрата училишна клима, а 77 испитаници (77%) исказот / факторот - Почитување на правата на сите учесници во воспитно – образовниот процес (наставници, ученици, родители) го рангираа со ранг 8. Најнизок ранг од исказите или факторите кои беа наведени на анкетниот лист, испитаниците дадоа на Воспоставена добра соработка со родителите на учениците која според нив не влијае многу врз добрата училишна клима. Резултатите се прикажани табеларно Табела 2 и графички Графикон 2.

***Табела 2.***

| | Исказ / Тврдење | Просек | Ранг |
|---|---|---|---|
| | За да едно училиште да има позитивна училишна клима потребно е да има... | | |
| 1 | Материјално – техничка опременост (кабинети, дидактички и нагледни средства, техника и технологија) | 61% | 3 |
| 2 | Почитување на моралните вредности | 72% | 5 |
| 3 | Воспоставена добра соработка со родителите на учениците | 56% | 1 |
| 4 | Почитување на правата на сите учесници во воспитно – образовниот процес (наставници, ученици, родители) | 77% | 8 |
| 5 | Кодекс на однесување во училиштето | 66% | 4 |
| 6 | Воспоставена добра комуникација и соработка меѓу наставниците и учениците, наставниците и наставниците | 80% | 9 |
| 7 | Транспарентно донесување одлуки и навремено споделување на информациите | 72% | 6 |
| 8 | Постоење на нормативен систем, пофалби, наградување и казнување | 73% | 7 |
| 9 | Водството на директорот во функција на градење на позитивна и здрава училишна клима | 60% | 2 |




*Графикон 2.*

**7. ЗАКЛУЧОК**

Според изнесените ставови на наставниците за јакнењето на училишната климата многу се битни добрата комуникација и соработка во училиштето, меѓу вработените во училиштето и вработените и учениците, а

тоа подразбира: колегијалност, градење заемна почит и доверба, соработка, комуникативност, отвореност, флексибилност, самокритичност, самоконтрола во комуникацијата, култура на однесување, добронамерна и ненавредлива критика, одговорност, толерантност, несебичност, точност, совесност, аргументираност, доследност и чесност.

Во добро создадена училишна клима и воспитно-образовниот процес ќе има подобри резултати, а задоволството ќе се рефлектира и на поширокта општествена средина. Промените во опкружувањето влијаат на менување на интересите, потребите и однесувањата кај поединците, а наставниот персонал има за цел тие промени да ги поттикне кај учениците. Таа цел не е лесно остварлива ако во училиштето нема создаден позитивна атмосфера во која се реализира наставниот процес.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Грмуша, А. (2019). Позитивна школска клима: елементи, принципи и модели добре праксе. Приказ књиге. Политичка ревија - бр.04/2019, година (XXX) XIX. vol.62. Факултет безбедности. Београд

Ђуришић-Бојановић, М., Максић, S. (2018). Управљање школом, школска клима и постигнуће ученика. Филозофски факултет. Београд. Достапно на https://www.researchgate.net/ publication/ 329416610 _ Upravljanje_ skolom_skolska_klima_i_postignuce_ucenika/link/5c07a886299bf169ae336804/download

Петковски, К., Алексова, М., (2004). Водење на динамично училиште. Биро за развој на Образованието. Скопје.

Стоиловска,А., (2004). Како да се изгради здрава училишна клима. Херакли Комерц. Битола.

Хебиб, Е., & Жунић Павловић, В. (2018). Школска клима и школска култура: оквир за изградњу школе као безбедне и подстицајне средине за учење и развој. Зборник Института за педагошка истраживања. Alić, B. (2019). Povezanost socio-emocionalne klime u razredu sa školskim uspjehom učenika. Završni magistarski rad. Filozofski fakultet Univerziteta u Sarajevu

Domović, V. (2004).Školsko ozračje i učinkovitost škola. Jasterbarsko: Naklada Slap

Đurišić, M., & Žunić – Pavlović, V. (2021). Školska klima i adaptivne karakteristike učenika mlađih razreda osnovne škole. Specijalna edukacija i rehabilitacija. Vol.20. Br.2. str. 93 – 108. Beograd

Đorđić, D. (2019). Školska klima kao korelat rezilijentnosti učenika. Doktorska disertacija. Univerzitet u Novom Sadu. Filozofski fakulteta. Odsek za pedagogiju. Достапно на https://nardus.mpn.gov.rs/ bitstream/ handle/ 123456789/12316/Disertacija.pdf?sequence=6&isAllowed=y

Popović Ćitić, B., & Đurić, S. (2018). Pozitivna školska klima: elementi, principi i modeli dobre prakse. Fakultet bezbednosti. Univerzitet u Beogradu

Година 50. Број 1. Јун 2018.113–134. ISSN 0579-6431. Београд

http://www2.arnes.si/~anthropos/anthropos/2008/3_4/07_rus.pdf